Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-525/3
Датум: 03.09.2024

По претставката бр. 08 – 525/1 од 19.07.2024 година, поднесена од [redacted] против [redacted], за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 03.09.2024 годиниго донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За офрлање на претставката поради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 525/1 од 19.07.2024 година, поднесена од [redacted] против [redacted], за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 19.07.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност, од страна на [redacted] против [redacted].

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: **податоци за подносителот (име и презиме и адреса)**, податоци за лицето против кого се поднесува претставката (име и презиме и адреса), **околностите и фактите врз кои се темели претставката (дескриптивен опис на настанот)**, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што претставката не содржеше опис на фактичката состојба, односно текстуална содржина во однос на дејствијата на дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 23.07.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот на адресата наведена во претставката.

Обидот за поштенска достава на адресата наведена во претставката беше неуспешен, а поштата беше вратена со назнака „недоволна адреса". Од таа причина Комисијата направи втор обид за електронска достава на електронската адреса наведена во претставката, кој исто така беше неуспешен. Електронската адреса наведена во претставката беше непостоечка.

**Врз основа на наведеното се заклучува дека претставката не ги содржи основните елементи за постапување предвидени со член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а не постојат услови истата да биде доуредена.**

Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката со бр. 08 – 525/1 од 19.07.2024 година поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Член на Комисијата
Душан Томшиќ


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk